**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точки 2 и член 113 став 3 од Изборниот законик на Република Северна Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година Државната изборна комисија на седницата одржана на **28.02.2020** година донесе:

# УПАТСТВО
## за гласање на лица кои се наоѓаат во куќен притвор
## (член 113 од Изборниот законик)

### Член 1

Граѓаните кој на денот на гласањето се во куќен притвор, доколку сакаат да го остварат своето право на глас, преку овластен полномошник ќе ја извести Општинската изборна комисија која е надлежна за местото каде што гласачот е во куќен притвор, најдоцна три дена пред денот определен за гласање и во прилог ќе достави копија од Решение за изрекување на мерка куќен притвор.

Избирачите кои се во куќен притвор, гласањето го вршат во својот дом според местото на живеење. Избирачот кој е во куќен притвор може да гласа и во домот на блиско лице на адреса различна од адресата на живеење во документот за лична идентификација, под услов таа адреса да се наоѓа во територијата на општината каде избирачот гласа. Во тој случај, во известувањето доставено до ОИК треба да се наведе и адресата каде се наоѓа лицето.

### Член 2

Општинската изборна комисија врз основа на претходно добиен список од страна на Државната изборна комисија за лицата кои се наоѓат во куќен притвор (чл.113 став 2 од Изборниот законик) ќе состави список на сите уредно пријавени лица кои се во куќен притвор.

Општинската изборна комисија врши електронска проверка во Избирачкиот список на сите уредно пријавени лица кои се во куќен притвор, составува список и ги распоредува до соодветните избирачки одбори кои треба да го спроведат гласањето на овие лица.

Општинската изборна комисија е должна да ги извести сите подносители на пријави за гласање во куќен притвор каде подносителот ќе го оствари своето право на глас.

### Член 3

Општинската изборна комисија е должна да ги извести овластените претставници на овластениот подносител за времето и местото на гласање на гласачот кој е во куќен притвор и да им овозможи да го набљудуваат гласањето на овие лица.

### Член 4

Гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор го спроведува избирачкиот одбор од соодветното избирачко место каде избирачот е запишан.

Избирачкиот одбор е должен да ги провери подносителите на пријавите за гласање во куќен притвор во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место пред да ги откине гласачките ливчиња за гласање на лица кои се наоѓаат во куќен притвор.

Пред започнување на гласањето, избирачкиот одбор од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирано лица кои се наоѓаат во куќен притвор за соодветното избирачко место, а кочанот не смее да го носи со себе на гласањето.

**Член 5**

При спроведувањето на гласањето, избирачкиот одбор ја користи гласачката кутија која му е предадена од општинската изборна комисија за ова гласање и истата ќе ја користи и на денот на гласањето.

Избирачкиот одбор со себе го носи:

- изводот од избирачкиот список на кој лицето кое се наоѓа во куќен притвор се потпишува;
- печатот;
- шаблон – Браева азбука;
- граничник за потпис или отпечаток;
- УВ спреј и УВ ламба;
- плик за секој гласач;
- список на немоќни и болни лица пријавени во избирачкото место;
- перниче со мастило.

**Член 6**

Овој начин на гласање избирачкиот одбор го внесува во записникот на денот на гласањето (Образец бр.16).

**Член 7**

Лицето кое е во куќен притвор ќе гласа на начин што општинската изборна комисија ќе подготви изборен материјал и навреме ќе го достави до надлежниот избирачки одбор (плик адресирано на име на лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор и празна гласачка кутија).

**Член 8**

Капакот на гласачката кутија за гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти, пред да започне гласањето.

**Член 9**

Овие лица гласаат на начин утврден во членот 109 и 110 од Изборниот законик и на истите им се овозможува тајноста на гласањето.

**Член 10**

Гласачкото ливче за изборите, лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор, по завршување на гласањето го превиткува, го става во посебен плик пред членовите на избирачкиот одбор, го залепува пликот и така залепениот плик, го пушта во гласачката кутија.

**Член 11**

По завршеното гласање пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија, а отворот на гласачката кутија се запечатува со нумерирана односно сигурносна пластична лента.

Изводот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња и кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента.

**Член 12**

Доколку лицето на кое му е изречено мерката куќен притивор, иако пријавен дека сака да гласа, одбие да гласа, неупотребеното гласачкото ливче не смее да се користи на денот на изборите. На нив им се откинува десниот долен агол, се прецртуваат по целата должина и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на изборите.

**Член 13**

На денот на изборите, пред почетокот на гласањето, од гласачката кутија од гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, се вадат пликовите и поединечно се отвараат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачка кутија без да се види за кого е гласано. На крајот гласачката кутија се запечатува со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни на капакот.

**Член 14**

Избирачкиот одбор не смее да им дозволи да гласаат на денот на изборите на оние лица кои се во куќен притвор, а кои претходниот ден одбиле да гласаат или пак не биле најдени во својот дом.

**Член 15**

Избирачкиот одбор кој го спроведува гласањето за лица кои се во куќен притвор е должен да води евиденција за тоа кој од пријавените лица одбил да гласа, односно не бил најден дома. Оваа евиденција избирачкиот одбор ја приложува кон изводот од избирачкиот список на кој се гласа.

**Член 16**

По завршувањето на гласањето, избирачкиот одбор е должен да ја извести општинската изборна комисија за бројот на лица кои гласале од пријавените лица кои се наоѓаат во куќен притвор.

Општинската изборна комисија е должна по собирање на податоците од сите избирачки одбори кои се во нејзина надлежност да ја извести Државната изборна комисија за вкупниот број на лица кои гласале во текот на денот.

**Член 17**

Ова упатство влегува на сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде објавено на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број** 10-689/1
**02.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**